**Елаборат: „Тодоринка“ во с. Виничани**

**Категорија:** Нематеријално значајно културно наследство

**Статус:** Не е донесено Решение

**Година на изработка:** 2011

**Главен истражувач:** д-р Ели Луческа

**Соработници:** д-р Мери Стојанова

**Опис на културното добро:** Обичајот „Тодоринка“ се празнува во с. Виничани, Велешко како дел од празнувањето на Тодоров Петок во т.н. Тодорова недела, првата седмица по Проштени Поклади - Прочка. Се состои, главно, од две најзначајни обредни дејствија: сучење на т.н. тодорови свеќи за кои се верува дека имаат исцелителска моќ и заедничка кадена обредна вечера на местото Гумење која се состои од погача, баница т.н. „сукано“, варена царевка и посен грав, при што низ драмска импровизација се поканува св. Тодор да вечера заедно со учесниците.